Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-92/1
15-01-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-721/1 од 26.11.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] во Скопје, против Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани, со седиште на ул. „Мирче Ацев“ бр. 6 во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на семејна или брачна состојба во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 26.12.2024 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани врз подносителот [redacted] врз основа на брачен статус во областа на работа и работни односи.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („**Комисијата**“) поднесена е претставка заведена под архивски број 08-721/1 од 26.11.2024 година од страна на подносителот [redacted] од Скопје, против Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата („**Синдикат на УПОЗ**“), за сторена дискриминација врз основа на семејна или брачна состојба во областа на работа и работни односи.

Според наводите од претставката, подносителот е вработен во Министерството за финансии. Како член на Синдикатот на УПОЗ, на ден 7.10.2024 година, преку претставникот на Синдикатот на УПОЗ [redacted], поднел Барање за парична помош поради смрт на член на потесно семејство – мајка. Тој наведува дека Барањето го поднел во согласност со член 14 од Правилникот за доделување на парична помош од Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ, согласно кој: „Во случај на смрт на член на неговото потесно семејство, членот на Фондот има право на еднократна парична помош од 10.000 денари“. Од страна на претставникот на синдикатот, а по барање на подносителот, преку порака на Viber на подносителот му била испратена Одлуката на Комисијата за солидарен фонд од 31.10.2024, со која Барањето на подносителот било одбиено, согласно член 15 став 2 од истиот правилник, кој гласи: „Парична помош за смрт на член на потесното семејство следува доколку бароителот не склучил брак и живее со своите родители на иста адреса“. Подносителот бил во брак, но живеел во иста куќа со неговата мајка. Дополнително истакнува дека од причина што Одлуката му била испратена два-три дена пред да истече рокот за поднесување на жалба, тој не бил во можност да поднесе жалба против Одлуката.

Во прилог на претставката беше доставена следната документација:

1. Барање за користење на неповратни средства од Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ од [redacted] со бр. 1001-20/794, заедно со приложените документи кон истото.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 5.12.2024 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката со бр. 08-721/2 до Синдикатот на УПОЗ.

На ден 18.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување по наводите од претставката од страна на Синдикатот на УПОЗ.

Во произнесувањето се наведува дека на ден 31.10.2024 година, на седница на Комисијата за солидарен фонд, било разгледано Барањето на подносителот [redacted] Според член 15, став 1 од Правилникот за доделување на парична помош од Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ, **потесното семејство вклучува брачни другари и деца кои немаат формирано сопствено семејство**. Од причина што подносителот имал формирано сопствено семејство, не му следела парична помош поради смрт на член на потесното семејство. Дополнително се наведува дека Синдикатот на УПОЗ и досега одлучувал на истиот начин за други или слични случаи и не правел отстапки при истото. Во однос на наводите дека на подносителот му било повредено правото на поднесување на жалба против Одлуката, потенцирано е дека рокот за поднесување на жалба од 15 дена започнува да тече од денот на приемот на Одлуката, а не од денот на донесувањето на истата.

Во прилог на Произнесувањето беше доставена следната документација:

1. Правилник за доделување на парична помош од Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ;
2. Одлука на Синдикатот на УПОЗ со бр. 1001-20/794 од 31.10.2024 година.

Членот 15 од горенаведениот правилник гласи:
1) За член на потесно семејство во смисла на претходниот член се сметаат брачните другари и децата доколку немаат формирано сопствено семејство.
2) Паричната помош за смрт на член на потесното семејство следува доколку барателот не склучил брак и живее со своите родители на иста адреса.
3) Паричната помош по овој основ следува и доколку бракот на барателот е раскинат, што се докажува со извод од матичната книга на родени не постар од 6 месеци и ако по разводот живее со своите родители на иста адреса.

По увид во наводите од претставката и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката [redacted] на ден 7.10.2024 година, преку претставникот на синдикатот пред Министерството за финансии, [redacted] поднел Барање за парична помош поради смрт на неговата мајка. Член 14 од Правилникот за доделување на парична помош од Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ предвидува дека во случај на смрт на член на неговото потесно семејство, членот на Фондот има право на еднократна парична помош од 10.000 денари. На седница на Комисијата за солидарен фонд одржана на 31.10.2024 година, било разгледано Барањето поднесено од [redacted] по што било одлучено дека од причина што согласно со член 15, став 1 од Правилникот за доделување на парична помош од Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ, потесното семејство вклучува брачни другари и деца кои не формирале сопствено семејство, а бидејќи подносителот имал формирано сопствено семејство, не му следела парична помош, за што била донесена Одлука бр. 1001-20/794.

Во таа насока**, член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел*

*или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Во смисла на наведеното, на подносителот му било одбиено Барањето за парична помош поради смрт на член на потесно семејство од причина што не ги исполнува условите согласно член 15 став 2 од Правилникот за доделување на парична помош од Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ. Имено, условите се поставени кумулативно, така што иако подносителот живеел на иста адреса со својата покојна мајка, сепак тој има склучено брак и формирано сопствено семејство, што го исклучува од можноста за добивање на парична помош поради смрт на член на потесно семејство. Алтернативно, доколку тој не би имал склучено брак, или пак доколку би бил во вонбрачна заедница, ќе му следува паричната помош. Ова укажува на фактот дека постои понеповолен третман кон подносителот во однос на останатите членови на синдикатот кои би поднеле исти барања, но немаат склучено брак.

Комисијата смета дека УПОЗ има право да ги ограничи ситуациите во кои членовите можат да го користат правото на парична помош за смрт на членови на потесно семејство. Комисијата зема предвид дека станува збор за средства од солидарен фонд и дека синдикатот има широка дискреција во одлучувањето за нивното доделување. Но, во Правилникот формирањето на семејство се поистоветува со склучувањето на брак, со што синдикатот не ги зема предвид сите останати форми на семејства кои фактички можат да постојат, а кои не вклучуваат склучување на брак. Такви се, на пример, вонбрачната заедница, семејства во кои децата живеат со други роднини а не со родители, семејства со истополови двојки со или без деца итн.

Оттука, доколку член на синдикатот кој живее со неговите родители и со партнер/ка и деца, но нема склучено брак т.е. живее во вонбрачна заедница согласно правилникот би можел да го користи правото на надомест за смрт на член на потесно семејство. Исто така, ова право не би можеле да го користат лица кои живеат во вонбрачна заедница со нивните партнери доколку вонбрачен партнер почине бидејќи немаат склучено брак.
Земајќи предвид дека брачната и вонбрачната заедница која трае подолго од една година се изедначени во однос на правата и обврските согласно законодавството, со исклучување на вонбрачната заедница, односно со поистоветување на бракот со формирањето на семејство, се врши дискриминација врз основа на брачен статус.

Оттука, УПОЗ има право да го ограничи бројот на лица- членови на потесно семејство за кои ќе го признава ова право, но тоа треба да го направи на неутрален начин, согласно неутрални критериуми со кои ќе се акомодираат различностите во однос на сите видови семејства. Со оглед дека станува збор за право кое има за цел да му помогне на членот во трошоците што ги има кога ќе настане смрт на член на семејството, кои се претпоставува дека тој треба да ги покрие, Комисијата смета дека синдикатот треба да донесе критериуми кои ја отсликуваат целта на овој надомест.
Комисијата предлага клучниот услов да биде членот на потесното семејство да живее во исто домаќинство со барателот и да бидат во роднинска врска на деца и родители или во брачна или вонбрачна заедница (подолга од една година). Притоа да се остави можност да се побара правото и за други роднини кои го сочинуваат потесното семејство и за чија издршка е одговорен членот на синдикатот (пример, внуци чиј старател е членот и сл.). Синдикатот е

слободен да го уреди ова право и на друг начин што нема да вклучува дискриминација врз основа на брачен статус или која и да било друга основа и кој ќе ги земе предвид различностите во семејствата.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Синдикатот на УПОЗ да донесе одлука со која се одобрува барањето за надомест на средства за смрт на член на потесно семејство за [redacted]

2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Синдикатот на УПОЗ да го измени Правилникот за доделување на парична помош во случај на смрт на член на потесно семејство согласно неутрални критериуми кои ќе ги имаат предвид сите различни видови на семејства.

Доколку Синдикатот на УПОЗ не постапи согласно оваа препорака во рок од 3 месеци, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани, ул. „Мирче Ацев“ бр. 6, 1000 Скопје